МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 24 став 6 од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14, 158/14, 149/15, 39/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/21) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ФИТОСАНИТАРНАТА ИНСПЕКЦИЈА ПРИ УВОЗ НА ПРАТКИ ОД ЛИСТАТА V ДЕЛ Б СЕКЦИЈА 1 (*)

(*) Овој правилник не е предмет на усогласување со законодавството на Европската унија.

## Член 1

Во Правилникот за начинот на вршење на фитосанитарната инспекција при увоз на пратки од Листата V дел Б секција 1 (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/10) во членот 2 се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) По исклучок од ставот 1 на овој член за пратки кои содржат растенија, растителни производи и други објекти и предмети кои се наведени во Листа V дел Б секција 1 пододдел Б2, фитосанитарната инспекција опфаќа само преглед на документи и преглед на идентитет.“.

## Член 2

Во членот 3 став (1) алинејата 2 се менува и гласи:

„ - дали пратката која содржи растенија, растителни производи и други објекти и предмети кои се наведени во Листа V дел Б секција 1 пододдели Б1 и Б3 е придружена со важечки фитосанитарен сертификат или ознака, во согласност со меѓународните стандарди за фитосанитарни мерки,“.

## Член 3

Во членот 4 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Прегледот за здравје на растенијата треба да се спроведува за пратки кои содржат растенија, растителни производи и други објекти и предмети кои се наведени во Листа V дел Б секција 1 пододдел Б1 односно се спроведува врз основа на процена на ризик за пратки кои содржат растенија, растителни производи и други објекти и предмети кои се наведени во Листа V дел Б секција 1 пододдел Б3.“.

**Член 4**

Низ целиот текст на Правилникот зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.103-103/4
24 јануари 2022 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Николовски,** с.р.